**20182344419**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18) и член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 196/17 и 207/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.12.2018 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Во Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/18), делот III. „Финансирање на заштитата на децата“ се менува и гласи:

„Програмата за развој на заштитата на децата за 2018 година ќе се реализира со средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година од Раздел 15001 Министерство за труд и социјална политика, и тоа:

1. Програма 3 Детска заштита со средства од 49.128.000 денари, од кои 47.838.000 денари буџетски средства и 1.290.000 денари средства од самофинансирачки активности и истата се однесува на:

- Потпрограмата 30 Установи за детска заштита со 5.110.000 денари, од кои 3.820.000 денари се буџетски средства и 1.290.000 денари средства од самофинансирачки активности;

- Потпрограмата 3А Изградба, опремување и одржување на објектите за детска заштита со 44.018.000 денари.

Финансиските средства обезбедени со Потпрограмата 30 ќе бидат наменети за:

а) Расходна категорија 40 - Плати и надоместоци за вработените во установите за детска заштита како и за

б) Расходна категорија 42- Стоки и услуги

в) Расходна категорија 46- Субвенции и трансфери.

Финансиските средства обезбедени со Потпрограмата 3А ќе бидат наменети за:

а) градежни објекти .................... 19.320.000денари и

б) купување на опрема и машини... 24.698.000 денари.

Финансирањето на функцијата на установите за детска заштита ќе се обезбедува и со средствата кои се наменети за блок дотации за делегирани надлежности на општините за детската заштита и тоа :

- Блок дотации……………….1.564.562.000 денари.

2. Од Програма 5 Надоместоци и права од социјалната област или

- Потпрограма 52 Надоместоци за детска заштита со ......................... 3.417.200.000 денари ќе бидат наменети за исплата на утврдените парични права со Законот за заштита на децата (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете), како и за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток.

Распределбата на средствата за секое од овие права ќе биде во рамки на расположивите средства во Буџетот на Република Македонија за 2018 година. Во 2018 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени права од 2017 година.“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11275/1
20 декември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.